Градежната локација се наоѓа во урбана заедница 17 во рамките на ГУП Охрид, во близина на спортскиот комплекс „Билјанини извори" и спаѓа во типот антропоген пејсаж, со чија предвидената интервенција со изработка на урбанистичко проектна документација - Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште, се менуваат структурните пределски карактеристики на пејсажот и се менува начинот на користење на земјиштето во намена хотел (хотелски комплекс), предвидено со постојните развојни политики на градот. Истите се вградени во ДУП за УЗ 17, УБ 17.4 БЛОК 3 за кој НУ Завод и Музеј Охрид има изготвени заштитно конзерваторски основи бр 13-1707/2 од ноември 2014 година за кои Министерство за култура, УЗКН-Скопје, има издадено Решение УП бр 17-965 од 23.12.2014. Издадените Заштитно – конзерватоски услови според кои треба да биде изработена проектната документација нема да бидат во спротивност со законот за градење, а која содржи рестриктивни параметри за идните градби како и други податоци и информации со кои планерот може да ги определи габаритите и катноста во рамките на предметната градежната парцела со изработената проектна документација.

Овие заштитно конзерваторски услови се однесуваат на изградба на Б5 – хотели на м.в. Студенчишта, на КП 15614/1, 15614/10, 6471/8, 6471/4 КО Охрид 4, во сопственост на Ѓоко Танасоски, Јован Танасоски, Сашо Танасоски и Танас Танасоски, евидентирано во Имотен лист бр. 125874 ПРЕПИС од 03.11.2020 КП Охрид 4 и Имотен лист 90753 ПРЕПИС од 03.11.2020 година КП Охрид 4, лоцирана според „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион" во зона „Крајбрежје".

Општи услови:

Проектот треба да биде изготвен согласно:

-Решението за Заштитно конзерваторски услови кое го издава Управата за заштита на културното наследство – Скопје;

-„Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020);

- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Урбана Заедница 17, Урбан Блок 17.4 Охрид, Плански ериод 2013-2018 донесен со Одлука бр. 08-5867/22 од 12.05.2015 година, за кој НУ Завод и Музеј Охрид има изготвени заштитно конзерваторски основи бр 13-1707/2 од ноември 2014 година за кои Министерство за култура, УЗКН-Скопје, има издадено Решение УП бр 17-965 од 23.12.2014;

- Законот за заштита на културното наследство;

- Општите прописи за проектирање согласно законот за градење;

Посебни услови:

Архитектонското обликување да биде со контролиран габарит; каде се користат материјали и бои приспособени на природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура со богатство на материјали и форми кои ги зачувава изворните, историските, урбанистичко – архитектонски уметнички и естетски вредности на заштитеното подрачје во рамките на природното и културното наследство на Охридскиот регион а кои ќе придонесат за наменско оспособување на објектот кон современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности.

Бидејќи се работи за една поголема градежна парцела која треба да биде оформена во урбанистичкиот план, за која во планот е утврдена поголема рамковна површина за градење, урбанистичко-архитектонското обликување, планерот треба да го врши со уситнување, односно предвидување на комплекс од повеќе градби, со габарити кои се усогласени со контекстот и не ја нарушуваат визуелната перцепција кон целината „Старо градско јадро“ .

Со оглед на тоа што градежната парцела е оддалечена од езерскиот брег за 84,2 м и е оддалечена од каналот Студенчишта за 109,8 м и со оглед на тоа што во непосредната околина на градежната парцела веќе се изградени објекти со висина дури и до П+5 ката, а според „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион" за зона Крајбрежје во која припаѓа градежната парцела не се предвидени параметри за процент на изграденост и максимална висина, така расчленетите градежни парцели со своите модуларно пропорциски елементи на посебните објекти треба да бидат обработени со не поголем процент на изграденост од 50% и катност до П+4, кои ќе ја почитуваат стекнатата амбиентална околина и нема да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Котата на приземјето да биде не помала од 20 см и не поголема од 90 см од нивото на пристапната улица.

Чистата висина на приземјето да не биде помала од 3,20 м ниту поголема од 4,0 м, додека чистата висина на катовите да не биде поголема од 3,0 м.

Новоформиранатаа силуета треба да биде во контекст со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби и треба да го почитува локалниот карактер и силуетата на просторот каде се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Решението на партерот треба да биде разработено така да биде прикажан внатрешниот сообраќај и инфраструктурните градби во рамките на градежната парцела.

Фасадното обликување и поедините архитектонски елементи да бидат пректирани со уситнување на фасадната ѕидна маса во карактеристични пропорции и мерки како и со употреба на декоративни зелени појаси заради вклопување на објектите во самиот амбиент. Дозволени се еркерни испусти на објектите кои не смее да излегуваат надвор од градежната парцела. Исто така поединечните кубуси да завршуваат со рамни зелени тераси збогатени со голем процент на зеленило.

Новопредвидените објекти да се третираат современо од функционален и конструктивен аспект кој ќе ги задоволува асеизмичките потреби за цврстина на градба со класа на намена хотели.

Според анализта на пејсажните вредности на непосредната околина, објектите да се предвидат на доволно растојание со што нема да пречат на правото на визури и инсолациска изложеност на планираните градби и во однос на постојниот изграден фонд.

Со проектот да се внесе разновидност во архитектонската понуда, со која ќе се оплемени сегашната запуштена состојба на местото и ќе се збогати понудата на градот како позната туристичка дестинација со што ќе се потенцираат позитивните вредности од изградбата на ваков тип на градби.

Да се почитуваат пејсажните вредности на непосредната околина и да се обогати околината на објектите, поочно дворното место со предвидувње на зелени површини не помали од 20% од градежната парцела;

Бидејќи има основани претпоставки за можни археолошки наоди поради близината на евидентиран археолошки локалитет „Пенелопа“, палафитна населба датирана од неолит до железно време, се задолжува идниот инвеститор на градбите да извршат претходни археолошки истражувања.

Исто така во општите и посебни одредби при реализација на идните градби, да се потенцира дека и покрај претходните археолошки истражувања, доколку при изведување на земјени работи, се наиде на движни или недвижни артефакти, да се постапи во согласност чл.65 и 129 од Законот за заштита на културно наследство, односно да се

изврши увид од страна на стручно лице – археолог, и направи записник од увидот со кој ќе се дадат понатамошни смерници во постапката.

Сите горе споменати општи и посебни услови да се вградат во проектот со соодветно образложение за тоа какви визуелни влијанија има новата градба врз пределот во рамките на природното и културното наследство на Охридскиот регион со графички прилози, 3Д прикази и фотомонтажи со постојната околина и објекти од различни агли на гледање, кои ќе го докажат нивното спроведување во проектните решенија.

Проектот да се достави до НУ Завод и Музеј Охрид за „Мислење за усогласеност" со дадените "Заштитно-конзерваторски услови" и „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион„.

Со почит ,

Изработиле:

Тања Паскали Бунташеска
диа советник конзерватор

М-р Горан Патчев
диа виш конзерватор

Директор,
М-р Мише Тутковски

Во акт: Арх. знак:
Ро... ...ње:
... г. Потпис:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СОДРЖИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП_1.1, НА КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 И 6478/8 ВО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 17, УБ 17.4, БЛОК 3, ОХРИД, со класа на намена Б5.1 -хотелски комплекси ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

А. Содржина на текстуален дел од урбанистичкиот проект

1. Проектна програма;
   - Опис на проектниот опфат;
   - Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат;
   - Проектни барања за инфраструктура,
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамките на проектниот опфат;
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби; дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно; внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места; партерно решение со хортикултура; водови и инсталации на инфраструктурите;
4. Детални услови за проектирање и градење;
5. Нумерички показатели
6. Мерки за:
   - заштита на животната средина;
   - заштита и спасување;
   - обезбедување на пристапност за лица со инвалидност;
   - за заштита на природното и културното наследство;
   - други мерки согласно мислења од надлежни субјекти;
7. Прилози кон текстуалниот дел;
   - извештај од извршена стручна ревизија со одговор;
   - геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога

II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ ОД ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Б. Содржина на Графички дел од урбанистичкиот проект

1. Извод од урбанистички план со нанесен проектен опфат;
2. Ажурирана геодетска подлога преземена од геодетскиот елаборат;

-Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат;

-Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат;

3. Урбанистичко решение на проектниот опфат;

3а. Урбанистичко решение на проектниот опфат-Сообраќајно решение;

III. ПРОЕКТЕН ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

В. Идеен проект за градбите со намена Б5.1-хотелски комплекси

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КП 5614/1; 6471/4; 5614/4; 5614/10 И КП 6471/8, КО ОХРИД 4, ВО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 17, УБ 17.4, БЛОК 3, ОХРИД, СО КЛАСА НА НАМЕНА Б5.1-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД

НАРАЧАТЕЛ: ПЕ-ПУЛС, ДООЕЛ, Охрид

ИЗРАБОТУВАЧ:

Друштво за просторно и урбанистичко планирање "ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО" доо Гостивар

УПРАВИТЕЛ:

Валентина Попоска, дипл.инж.арх.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ЗА ГП_1.1, НА КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 И 6478/8
ВО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА
УЗ 17, УБ 17.4, БЛОК 3, ОХРИД,
со класа на намена Б5.1-хотелски комплекси

А. Текстуален дел

Согласно Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 32/20), се пристапи кон изработка на проектна програма за изработка на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4. Со оваа проектна програма треба да се изврши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај од една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план- ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, согласно условите прецизирани со Закон за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20) кои се однесуваат за предметниот проектен опфат за кој е пројавен интерес за изработка на Урбанистичкиот проект, а општината утврдила дека ќе придонесе за реализација на инвестициски проекти.

Урбанистичкиот проект да се изработува врз основа на членот 58, став (2), точка 1, од Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 32/20). Со изработката на овој УП треба да се изврши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај од една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план - ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, со основна класа на намена Б5.1-хотелски комплекси, за која во урбанистичкиот план е предвидено да се разработи и спроведува со урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, со што во проектот се разработуваат и дефинираат просторните и градежните услови неопходни за изградба и начинот на употреба на градбите согласно планираната намена на објектите и земјиштето, односно начинот на одвивање на активностите и дејностите во градежната парцела согласно класата на намени утврдена во урбанистичкиот план, точните површини за градење, максимална височина и катноста на градбите, прво и второстепена архитектонска пластика, внатрешен сообраќај, партерно решение и сл.

Оваа проектна програма произлегува од заинтересирано правно лице. Со оваа програма се овозможаат услови, за стимулација на вкупниот развиток и привлекување на инвеститори кои се усогласени со програмата на потенцијалниот инвеститор на градбите, кој има јасна визија на идната концепција на планското решение за проектниот опфат, неговата функционалност, диспозиција и капацитетот на планираните објекти на

предметната локација, нивната економска оправданост, покриеност со соодветна техничка документација и отпочнување на реализација на проектот.

Главна цел на УП е уредување и организирање на просторот преку:

- урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај од поголема градежна парцел ГП_1.1, оформена во урбанистичкиот план - ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, со основна класа на намена Б5.1-хотелски комплекси, за која во урбанистичкиот план е предвидено да се разработи и спроведува со урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, со што во проектот се разработуваат и дефинираат просторните и градежните услови неопходни за изградба и начинот на употреба на градбите согласно планираната намена на објектите и земјиштето, односно начинот на одвивање на активностите и дејностите во градежната парцела согласно класата на намени утврдена во урбанистичкиот план, точните површини за градење, максимална височина и катноста на градбите, прво и второстепена архитектонска пластика, внатрешен сообраќај, партерно решение и сл.

- Да обезбеди ефикасна реализација на ГП_1.1 во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, согласно со одредбите на Законот за урбанистичко планирање и методологијата за изготвување на урбанистички планови, кои се дефинирани во ОПШТИТЕ и ПОСЕБНИТЕ ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГП_1.1, ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, и истите во целост се составен дел на УП.

- изработка на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, со основна класа на намена Б5.2- хотели, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, Општина Охрид, е во согласност со членот 58. Став 2, точка 1, од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), како и со барањата на инвеститорот, и истиот треба да биде во согласност со важечките позитивни законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа област.

УП содржи:

- Текстуален дел од плански дел на урбанистички проект;
- Графички дел од плански дел на урбанистички проект
- Проектен дел на урбанистички проект

Нумерички дел со податоци е сумиран во текстуалниот и графичкиот дел на планскиот документ.

Содржината на текстуалниот, графичкиот и нумеричкиот дел од УП е регулирана со членот 60 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), како и со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20).

Границата на проектниот опфат е затворена полигонална линија, и истата оди по границите на градежната парцела ГП_1.1 дефинирана со ДУП

за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, и истата ја зафаќа целосно градежната парцела ГП_1.1

Големината на горе опишаниот опфат изнесува 10115м2.

Нарачателот на проектната документација во целост ќе ги сноси трошоците за изработка, ревизија и донесување на оваа Проектна Програма.

НАРАЧАТЕЛ:
ПЕ-ПУЛС, ДООЕЛ, Охрид

ноември 2020год.

изработил:

Валентина Попоска, диа

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд во рамките на проектниот опфат

Во рамките на проектниот опфат кој е предмет на овој Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, нема изведени градби.

2.2 Инвентаризација на снимена и изградена инфраструктура во рамките на проектниот опфат

Во рамките на проектниот опфат кој е предмет на овој Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, во главно нема изведени инсталации односно не се евидентирана од надлежни институции, со исклучок на магистрален армирано бетонски канал со димензии В/Н=1500/800мм кој поминува низ локалитетот според податоците добиени од ЈП Нискоградба и кој е значаен за одводводнување на атмосферските води.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Предметниот проектен опфат досега е предмет на обработка на Просторниот план на РМ 2004г, ГУП за градот Охрид, како и ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 17, УБ 17.4, БЛОК 3, ОХРИД, донесен со Одлука бр. 08-5867/22 од 12.05.2015г. и добиена Согласност од Министерство за транспорт и врски бр. 24-6501/2 од 17.04.2015г. Во важечкиот плански документ за кој е издаден Извод од План, односно Извод од ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 17, УБ 17.4, БЛОК 3, ОХРИД, бр. 20-8675/4 од 15.02.2021г, проектниот опфат е со класа на намена - Б5- хотели со компатибилни класи на намена Б1, Б2, Б3 и Б4 до 40%

Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, со основна класа на намена Б5.1 -хотелски комплекси, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид, се изработува врз основа на членот 58, став (2), точка 1, и член 59, став (1) од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20) и член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 225/20)

Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, со основна класа на намена Б5-хотелски комплекси, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, се изработува за поголеми градежни парцели кој се наменети за изградба на една комплексна градба, односно комплекс на градби, со цел да се изнајде оптимално решение за внатрешна просторна организација на градежната парцела, поединечните површини за градба како и внатрешна сообраќајна мрежа и внатрешна инфрастуктура.

Намена на површини

Површината определена во границите на проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, е со основна класа на намена Б5.1-хотелски комплекси, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид:

Во границата на планираната градежна парцела се планирани површини за градење со основна класа на намена Б5.1 -хотелски комплекси, и истите се разработени и дефинирани просторните и градежните услови неопходни за изградба како и начинот на употреба на градбите согласно планираната намена на објектите и земјиштето, како и начинот на одвивање на активностите и дејностите во градежната парцела согласно класата на намени утврдена во урбанистичкиот план, како што се точните површини за градење, максималната висина и катноста на градбите, односно разработка на ориентациона површина за градење утврдена во урбанистичкиот план, прво и второстепена архитектонска пластика, внатрешен сообраќај, партерно решение и други урбанистичко-архитектонски параметри. Компатабилни класи на намена на основната се Б1, Б2, Б3, Б4, Д3 и В3 со процентуална застапеност на компатабилни намени мах 40%. Компатибилноста на намени е дефинирана согласно со превземените податоци дадени во Извод од важечки

ДУП за оваа ГП 1.1. односно важечкиот Павилник цитиран во Изводот од ДУП (Сл.Весник на РМ.бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13 и 167/13)

Функционална организација на просторот

Подрачјето опфатено со УП е предвидено во рамките на градежниот опфат, треба да функционира во корелација со целокупните функции на градот Охрид.

Со оглед на местоположбата на проектниот опфат кој што е лоциран непосредно во населеното место, истиот е функционално поврзан и со целокупната поблиска и поширока околина, преку постоечката мрежа на улици.

Функционалната организација внатре е поделена согласно на неговата намена како и со потребите на идните инвеститори односно сопственици, па со изработка на идејниот проект се решени функциите внатре во границата на проектниот опфат, односно во границата на градежната парцела, притоа во целост почитувајќи ги барањата на инвеститорите и условите од постоен ДУП.

Сообраќај

Градежната парцела е лоцирана непосредно до постојните односно планираната улица според Изводот од ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид и тоа.

Непосредно до проектниот опфат егзистираат постојните улици бул. АСНОМ и ул. Маршал Тито. Влезот во градежните парцели е планиран од источната страна на проектниот опфат, односно од планираната пристапна улици-крак на ул. Партизанска.

Попречните профили односно рангот на планираните улици, се преземени од поставките и насоките на важечкиот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид.

Во рамките на проектниот опфат е планирана внатрешна интерна едносмерна сообраќајница-обиколница со попречен профил од 4.5м, како и процтор за паркирање на автомобили. Пристапот до внатрешната улица е обезбеден од источна страна, преку планираната по ДУП секундарна улица крак на ул. Партизанска.

Паркирање

Паркирањето се планира во рамките на условите дефинирани според важечки ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид за градежната парцела ГП_1.1, и истото во целост е планирано во партерниот дел на градежната парцела, како и во дел од подрумските простории од планираниот градежен објект со влез преку планирана пристапна влезно-излезна рампа која се надоврзува на внатрешната обиколна сообраќајница. Паркирањето да се планира согласно со издадениот Извод од план односно согласно со важечкиот Павилник цитиран во Изводот од ДУП (Сл.Весник на РМ.бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13 и 167/13)

Бројот на паркинг места е дефиниран согласно погоре цитираните Правилници согласно со Издадениот Извод од план.

Бројот на паркинг места е дефиниран согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.63/12).

Пресметка за паркинг места:
-1 паркинг место на 6 легла (вкупно легла 814/6=136 ПМ)
Потрбни се 136ПМ, обезбедени се 271 паркинг места од кои
196 се во подрум (подземен паркинг простор) и 75 паркинг места на ниво на терен.Од вкупниот број паркинг места 6 се наменети за лица со посебни потреби и се сместени во подрум.

Зеленило и слободни површини

Зелените површини во рамките на парцелата се застапени во однос кој е веќе дефиниран со Извод од ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид.

Со извесно ангажирање околу изборот на зеленилото ќе постигне потребниот ефект за задоволување на функционалните и естетските потреби на парцелата. Околниот простор е делумно е природно озеленет. Дворното место треба да се уреди со предвидување на зелени површини не помали од 20% од градежната парцела, согласно со Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ бр. 11/18);

Градежни и регулациони линии и максимални висински коти

Регулационата линија во целост се совпаѓа со планираните по ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, односно по околни сообраќајници (улици).
Површината за градење е регулирана со градежни линии и истата е во согласност со Изводот од важечки ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид:

Максималните висини на планираните објекти е согласно со важечки ДУП, и е дадена во метри В=16,2м, и во катови П+4. Истата е во согласност со Изводот од важечки ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, и истите во целост е преземени од него.

Услови за уредување на градежната парцела, изградба на оградни ѕидови и одведувањето на смет

Градежната парцела е дефинирана врз основа на член 2, точка 9, од Законот за урбаистичко планирање, која е дефинирана согласно Изводот од ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, како и ажурираната геодетска подлога и за која се изработени нумерички податоци за градежна парцела. Во рамките на границата на градежната парцела треба да се обрне внимание на партерното уредување на опфатот во кој се јавуваат како содржини, уредување на влезната партија, зеленило, огради, пристапи и слично.

Оградата да бидат со максимална висина 2,2 м, при што полн ѕидан парапет со максимална височина од 1,2 м а останатиот дел од оградата да биде транспарентен.

Сопствениците на комплексот се должни постојано да ги одржуваат објектите, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

Контејнерите за смет треба да бидат дислоцирани од улиците и тотоарите заради безбедност во сообраќајот и поставени на посебно поплочени површини наменети за контејнери со оптимална хигиена на тие

места. Притоа растојанието од објектот до местото за контејнери да биде минимум 10м.

Локациите на зедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука Органот на управа на општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци ќе го вршат директно на своја сметка причинителите на истите и тоа директно во депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот или сопственикот на депонијата.

Генерални водови и објекти од сообраќајна и друга инфраструктура

Во фазата за изработка на УП анализирана е целокупната состојба на објектите на комуналната инфраструктура во поблиската и подалечната околина на комплексот.

Врската со пошироката околина е воспоставена преку регионална и локална патна мрежа.

Во поглед на можноста за приклучување на патната мрежа, планскиот опфат непосредно се наоѓа до новопланирана по ДУП-от пристапна улица.

Влез во градежната парцела е од источната страна на проектниот опфат, односно од новопланираната пристапна улица крак на ул. Партизанска, преку која проектниот опфат се поврзува со пошироката околина и со Регионот.

Можноста за поврзување на електро енергетската мрежата е планирано од постојната-улична мрежа. Условите и енергетската огласност за приклучок се во надлежност на ЕВН на Македонија, КЕЦ Охрид.

Доколку се јави потреба од нови трафостаници во постапката за одобрение за градба ќе треба да се предвидат трафостаници 10(20)/0,4кВ во адаптиран простор во самите објекти, односно Основниот проект ќе треба да биде изведен со соодветен простор за трафостаница во објектот, во просторија која заеднички ќе биде утврдена.

Планирана е адаптирана трафостаница во објект, која ќе се планира со Основниот проект, со соодветно инсталирана моќност потребна да ги задоволи потребите за напојување со ел енергија новопредвидените објекти и да биде изведена согласно со стандардите на ЕВН за ваков вид на објекти, со овозможен непречен пристап до неа. Потребно е да се предвиди и средно напонска инфраструктурна врска од постојната ел инфрастр. до планираната ТС заедно со заштитни појаси согласно со член 138 од мрежните правила.

Примарно, снабдувањето на објектите со санитарна вода е од постојнатат водоснабдителна улична водоводна мрежа.

Одводнувањето на отпадни води (фекални) ќе се реализира преку ново планираната фекална канализација, која се надоврзува на веќе постојната фекална канализација.

Површинските атмосферски води се регулирани и истите ќе се одведуваат преку планирана односно постојната атмосверска канализациона улична мрежа.

Како што е погоре кажано овие мерки се предвидуваат за превентивна заштита на подземните и површинските водотеци од загадување и непречено функционирање на објектите.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, со основна класа на намена Б5.1 -хотелски комплекси, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, се изработува врз основа на членот 58, став 2, точка 1 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20)

Општите и посебните одредби за градба се дел од условите од важечкиот:

- ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, донесен со одлука бр. 08-5867/22 од 12.05. 2015г.,

Со цел да се обезбеди ефикасна реализација на ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, донесен со одлука бр. 08-5867/22 од 12.05. 2015г., согласно со одредбите на Законот за урбанистичко планирање и методологијата за изготвување на просторните и урбанистички планови, дефинирани со:

ОДРЕДБИТЕ за реализација на планот, и истите целосно ќе се базираат врз стандардите од Правилникот за урбанистичко планирање на просторот, како и за проектирање на објекти.

При изработката на овој УП, условите дадени со Изводот бр. 20-8675/4 од 15.02.2021г. од – ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, донесен со одлука бр. 08-5867/22 од 12.05. 2015г се во целост составен дел на посебните услови на УП.

Општи и посебни параметри за спроведување на планот

Регулаторни линии се линиски симболи што преставуваат графички плански одредби во урбанистички план со кои се вршат примарната, секундарната и терцијалната делба на градежното земјиште, како што се регулационата линија, границата на градежната парцелаи градежната линија и кои служат за планирање на генералната и на деталната регулација во урбанистичкото планирање;

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна градба.

Градежна парцела е најмала единица на градежно земјиштешто е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба, при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежната парцела и го опфаќа земјиштето под градбата и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

Градежната линија е регулаторна линија во урбанистички план која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до која што во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објектот.

Дозволена максимална висина за градба

Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата.

Максималната височина е изразена во должни метри и тоа за секој поединечен објект.
Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Површина за градба

Површината за градба е дефинирана со границите на градежните линии дадени со планот и истите во целост се преземени од постојниот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид.
Во градежната парцела има предвидено три засебни површини за градење, кои се дефинирани согласно член 58 Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20).

Коефициент на искористување и процент на изграденост

Коефициент на искористување на земјиштето е преземен од постојниот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид и истиот изнесува 2.11 (во границите на дозволениот коефициент според важечки ДУП до 2.5).

Процент на изграденост на земјиштето даден со планот во целост е преземен од постојниот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, Процентот на изграденост изнесува 42,18% и е во границите на нормативите за оваа градежна парцела дадено во условите по важечки ДУП до 50%.

Обележување на парцелите и објекти

Обележувањето на градежните парцели и објекти во УП се обележани со двочлена номенклатура, градежната парцела и блокот се означени со арапски цифри. Нумерацијата на градежните парцели во проектот е преземен од постојниот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид.

Доколку согласно со условите од Извод од ДУП наведената НАПОМЕНА во посебните услови за градба за парцелата 1.1. е потребно да се предвиди трафостаница со снага од 3х1000 кВА, истата ке се планира во склоп на еден од планираните објекти, при добивањето на условите од ЕВН за одобрување на Основниот проект и тоа во партерниот дел на градежната парцела, или во подрумските простории од планираните градежени објекти.

Услови за одведување на смет

Контејнерите за смет треба да бидат дислоцирани од улиците и тотоарите заради безбедност во сообраќајот и поставени на посебно поплочени површини наменети за контејнери со оптимална хигиена на тие места. Притоа растојанието од објектот до местото за контејнери да биде минимум 10м.

Локациите на зедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука Органот на управа на општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци ќе го вршат директно на своја сметка причинителите на истите и тоа директно во депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот или сопственикот на депонијата.

Други детални услови кои произлегле од добиени податоци, информации и мислења од надлежни институции

Спред добиеното Мислење-Согласност од ЈП Нискоградба-Охрид бр. 09-1440/2 од 25.12.2020г. на наше барање за Мислење бр. 0307/100/4 од 23.12.2020г. ЈП Нискоградба -Охрид дава податок дека: низ опфатот на овој УП поминува Магистрален армирано бетонски канал со димензии В/Н=1500/800мм кој е значаен за одведување на атмосферските води на градот Охрид. Во важечки ДУП е планирана дислокација на овој канал.

Затоа, пред отпочнување со изградба на објектите предвидени со Урбанистичкиот Проект потребно е да се изврши дислокација на каналот. За изведба на дислокацијата потребно е да се изработи Основен проект со сите фази за ваков тишп на објект согласно со Законот за градење.

Условите и енергетската огласност за приклучок се во надлежност на ЕВН на Македонија, КЕЦ Охрид.

Доколку се јави потреба од нови трафостаници во постапката за одобрение за градба ќе треба да се предвидат трафостаници 10(20)/0,4кВ во адаптиран простор во самите објекти, односно Основниот проект ќе треба да биде изведен со соодветен простор за трафостаница во објектот, во просторија која заеднички ќе биде утврдена.

5. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБА ПО ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид.

Градежна парцела: ГП_1.1;

Класа на намена Б5.1-хотелски комплекси, површина на градежна парцела П=10115м2, површина на градбите П=5563,0м2, Вкупна етажна површина за градење П=27815.0м2, мах. висина до венец В=16.20м, висина во катови П+4. Колскиот пристап до урбанистиката-градежната парцела е обезбеден од секундарна пристапна улица -крак на ул. Партизанска.

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБА СПОРЕД УП - Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4, е со основна класа на намена Б5.1 -хотелски комплекси, во ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид

Градежна парцела ГП_1.1 на КП 5614/1; 6471/4; 5614/10 и КП 6471/8, КО Охрид 4

Класа: Б 5.1- ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Површина на градежна парцела ..... П= 10115.00м2

Површина за градење.....објект 1: П= 1523,50м2

објект 2: П= 1523,50м2

објект 3: П= 1219,70м2

Вкупна етажна површина за градење_____ П = 21333,50м2

Максимална височина во метри до венец_____ Н = 16,20м1

Максимална висина во катови _____ П+4

Процент на изграденост _____ 42,18%

Коефициент на искористеност _____ 2.11

Кота на нулта точка _____ од 0.00 до 0.20м

Компатабилни класи на намена _____ Б1, Б2, Б3, Б4, Д3 и В3

Процентуална застапеност на компатабилни намени мах_____ 40%

Процент на озеленетост изнесува _____ 20%

Колскиот пристап до градежната парцела е обезбеден од секундарна пристапна улица-крак на ул. Партизанска.

Паркирањето се планира во рамките на градежната парцела, како и условите дефинирани во важечкиот ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид за градежната парцела ГП_1.1, и истото во целост е планирано во партерниот дел на градежната парцела, како и во подрумските простории од планираните градежени објекти, со влез и излез преку планирана пристапна влезно-излезна рампа која преку внатрешната обиколна сообраќајница се надоврзува на планираната по ДУП пристапна секундарна улица-крак на ул. Партизанска.

Компатабилни класи на намена Б1, Б2, Б3, Б4, Д3 и В3. Процентуална застапеност на компатабилни намени мах 40% - преземени и дефинирани согласно со Правилникот цитиран во Изводот од план/ ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид/

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1. Мерки за заштита на животната средина

Право и должност на РСМ, општината, како и на сите правни и физички лица е да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, регулирано со:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05 и 24/07)
- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 14/06 и 84/07)
- Закон квалитет на амбиенталниот воздух (Сл.Весник на РМ бр. 67/04 и 92/07)
- Закон за управување со отпад (Сл.Весник на РМ бр.68/04 и 107/07)
- Закон за спречување на штетна бучава (Сл.Весник на РМ бр.79/07)
- Закон за заштита и спасување-пречистен текст (Сл.Весник на РМ бр.93/12)
- Закон за води ((Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11 и 44/12)
- Уредба за класификација на води (Сл.Весник на РМ бр.18/99)
- Уредба за категоризација на води (Сл.Весник на РМ бр.18/99)
- Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20)

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина (Сл.Весник на РМ бр.74/05), потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оценка на влијанието врз животната средина ја донесува органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Согласно Законот за животна средина како и Законот за заштита на природата, правните и физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на влијанието врз животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на проектот. При донесувањето на овој ДУП според кој се изработува УП за градежна парцела 1.1. е донесена Одлука за неспроведување на Стратегиска оценка за влијание врз животната средина, донесена од Градоначалникот на општината бр. 20-698/2 од 18.07.2014г по која Има позитивно Известување од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 15-7950/2 од 24.07.2014г.

Согласно Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11 и 44/12) и подзаконските акти донесени врз основа на Законот за води, член 131, став 2, алинеа 3 е дефиниран крајбрежен појас на водотеци и природни и вештачки езера. Согласно овој член крајбрежниот појас изнасува 50м од највисокиот утврден водостој на езерата кои за Охридското езеро изнесува 693,75 мнм. Истото при донесувањето на ДУП за 17.4... параметрите предвидени во законот за води се

испочитувани и во однос на каналот билјанини извори и во однос на Охридското езеро.
- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина и животот и здравјето на луѓето.
-Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиенти и пејсажите во предвидениот простор.

Притоа создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

6.2. Мерки за заштита на животната средина

Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Во мислењето по бараните податоци и информации добиени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина Скопје, во постапката за донесување и добивање на согласност на предметниот **ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид**, констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон, евидентно со документите кои се приложени при добивањето на согласноста по предметниот ДУП, во чии граници се наоѓа предметната градежна парцела 1.1. за која се работи овој Урбанистички проект.

Притоа, со реализацијата на УП за парцелирано градежно земјиште на конкретниот проектен опфат не се загрозуваат природни реткости, така да не е потребно да се преземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06 и 84/07).

6.3. Мерки за заштита на културно-историско наследство

Просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон, меѓутоа предметниот плански опфат се наоѓа во граници на природно и културно наследство на Охридскиот регион. Управувањето на овој регион се остварува со спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното наследство на Охридскиот регион.
За таа цел при донесувањето на **ДУП за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, се изготвени Заштитно-конзерваторски основи бр.УП 17-965 од 23.12.2014г. и Заштитно конзерваторски основи од Министерство за култура -Управа за културно наследство- Скопје, по кои ДУП-от за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3,Охрид има добиено позитивно Мислење**

од Министерство за култура -Управа за заштита на културно наследство бр.17-796/2 од 12.03.2015г.

При изработката на оваа проектна документација во целост се применети мерките за управување со светското природно наследство од овој закон, како и мерките за управување предвидени со Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион.

На наше Барање бр. 0307-сл/20 од 02.11.2020г. за податоци и информации до Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид е добиен одговор бр. 13-937/2 од 06.11.2020г. во кој се детално образложени заштитно-конзерваторските услови кои треба да бидат запазени при проектирањето на објектите во предметната градежна парцела. Одговорот е составен дел на УП.

Исто така на Барање на инвеститорите за издавање на Решение за заштитно-конзерваторски услови до Министерство за култура-Управа за заштита на културно наследство – Скопје, добиено е Мислење од Национална установа -Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид. Мислењето е составен дел на УП.

Во него се дадени општи и посебни услови за основниот проект и тоа:

Општи услови:

Проектот треба да биде изготвен согласно со:

-Решение за Заштитно-конзерваторски услови кое го издава Управата за заштита на културно наследство – Скопје

-„Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски План 2020-2029“ (Сл.весник бр.45/2020).

- ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ17, УБ 17.4, БЛОК 3, Охрид, плански период 2013-2018, донесен со Одлука бр. 08-5867/22 од 12.05.2015г. и добиена Согласност од Министерство за транспорт и врски бр. 24-6501/2 од 17.04.2015г, за кој НУ Завод и Музеј Охрид има изготвено заштитно-конзерваторски основи бр. 13-1707/2 од ноември 2014г. за кои Министерството за култура, УЗКН-Скопје, има издадено Решение УП бр.17-965 од 23.12.2014г.

-законот за заштита на културното наследство

-општите прописи за проектирање согласно законот за градење

Посебни услови:

Архитектонското обликување да биде со контролиран габарит; каде се користат материјали и бои приспособени на природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура со богатство на материјали и форми кои ги зачувава изворните, историските, урбанистичко – архитектонски уметнички и естетски вредности на заштитеното подрачје во рамките на природното и културното наследство на Охридскиот регион а кои ќе придонесат за наменско оспособување на објектот кон современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности.

Бидејќи се работи за една поголема градежна парцела која треба да биде оформена во урбанистичкиот план, за која во планот е утврдена поголема рамковна површина за градење, урбанистичко-архитектонското обликување, планерот треба да го врши со уситнување, односно предвидување на комплекс од повеќе градби, со габарити кои се усогласени

со контекстот и не ја нарушуваат визуелната перцепција кон целината „Старо градско јадро“.

Со оглед на тоа што градежната парцела е оддалечена од езерскиот брег за 84,2 м и е оддалечена од каналот Студенчишта за 109,8 м и со оглед на тоа што во непосредната околина на градежната парцела веќе се изградени објекти со висина дури и до П+5 ката, а според „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион” за зона Крајбрежје во која припаѓа градежната парцела не се предвидени параметри за процент на изграденост и максимална висина, така расчленетите градежни парцели со своите модуларно пропорциски елементи на посебните објекти треба да бидат обработени со не поголем процент на изграденост од 50% и катност до П+4, кои ќе ја почитуваат стекнатата амбиентална околина и нема да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Котата на приземјето да биде не помала од 20 см и не поголема од 90 см од нивото на пристапната улица.

Чистата висина на приземјето да не биде помала од 3,20 м ниту поголема од 4,0 м, додека чистата висина на катовите да не биде поголема од 3,0 м.

Новоформиранатаа силуета треба да биде во контекст со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби и треба да го почитува локалниот карактер и силуетата на просторот каде се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Решението на партерот треба да биде разработено така да биде прикажан внатрешниот сообраќај и инфраструктурните градби во рамките на градежната парцела.

Фасадното обликување и поедините архитектонски елементи да бидат пректирани со уситнување на фасадната ѕидна маса во карактеристични пропорции и мерки како и со употреба на декоративни зелени појаси заради вклопување на објектите во самиот амбиент. Дозволени се еркерни испусти на објектите кои не смее да излегуваат надвор од градежната парцела. Исто така поединечните кубуси да завршуваат со рамни зелени тераси збогатени со голем процент на зеленило.

Новопредвидените објекти да се третираат современо од функционален и конструктивен аспект кој ќе ги задоволува асеизмичките потреби за цврстина на градба со класа на намена хотели.

Според анализта на пејсажните вредности на непосредната околина, објектите да се предвидат на доволно растојание со што нема да пречат на правото на визури и инсолациска изложеност на планираните градби и во однос на постојниот изграден фонд.

  - Општи услови за изградба и користење на земјиштето и градбите
  - Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

НАПОМЕНА:

▹ Согласно измените на Законот за градење, со барањето на одобрение за градба може до надлежниот орган да се достави и идеен проект за градбата.
▹ При изработка на идеен/основен проект да се има во предвид Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за проектирање.
▹ При изработка на главниот проект да се има во предвид Правилник за содржината на проектите, означувањето на проектот,начинот на заверка и начинот на користење на електронските записи (Службен весник на РМ бр.24/2011 година) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот (Службен весник на РМ бр.68/2013 и 81/2013 година).

Графички изготвил-виш референт: Кристе Куциноски град.тех

Изготвил-соработник: Никола Точко д.и.а

Контролирал-раководител на одд.: Тихомир Дурнев д.г.и

Одобрил-пом.раководител на сектор: Бранко Арнауловски д.и.а

ГРАДОНАЧАЛНИК
д-р Константин Георгиески

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

(Извод од ДУП – Синтезен план)

М 1:1000



Л Е Г Е Н Д А :

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

1 БРОЈ НА БЛОК

БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ВИСОЧИНА НА ГРАДБИТЕ:

max H ПЛАНИРАНА МАХ. ВИСОЧИНА НА ГРАДБИТЕ ИЗРАЗЕНА ВО КАТОВИ ИЛИ МЕТРИ (м')

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б5. ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Б5. ХОТЕЛИ

Д2. ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е2. ИНФРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20Кв
НОВОПРЕДВИДЕНА ТРАФОСТАНИЦА

ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА

ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА

ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ- се заменува со нов коридор

ПЛАНИРАН УЛИЧЕН ИЗВОДЕН ОРМАР

ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ

ПЛАНИРАНА ТЕЛЕФОНСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА

НОВОПРЕДВИДЕНА ТРАФОСТАНИЦА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА НА ЗАШТИТЕН ЛОКАЛИТЕТ

Можност за оформување на објекти
до мах висина од П+5 ката.
При изведување на земјани работи,
задолжителен е археолошки надзор.

(3) Режим на заштита од трет степен

1 Булевар "АСНОМ" - собирна улица 1:200



2 Улица "ПАРТИЗАНСКА" - сервисна улица 1:200



2а КРАК ОД Ул. "ПАРТИЗАНСКА" - сервисна улица 1:200



3 Улица "МАРШАЛ ТИТО" - сервисна улица 1:200



4 пешачка патека 1:200



КОЛОВОЗ

ТРОТОАР / ПЕШАЧКА ПАТЕКА

-Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО БЛОК И ГРАД. ПАРЦЕЛИ Ох.УБ17.4 2013г.									
Број на град.парцела	Класа на намени	Компатибилна класа на намена	max дозво % на компатиб класи	max(H)- дозволена височина во м'	Број на катови	Површина на парцели м2	Површина на градбите м2	Вкупно развиена површина	Потребен број на паркинг места
Блок 1									
1.1	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Д3,В3	40	16.20	П+4	10115	5563	27815	*
1.2	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Д3,В3	40	16.20	П+4	13444	7394	36970	*
1.3	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4	40	16.20	П+4	7352	2532	12660	*
1.4	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4	40	16.20	П+4	4702	1532	7660	*
1.5	Е2	-	-	-	-	37	15	15	-
1.6	Е2	-	-	-	-	38	15	15	-
					Вкупно	35688	17051	85135	-

* Согласно чл.61 од ПРАВИЛНИК ЗА СТАНД.И НОРМАТ.ЗА УРБ. ПЛАНИРАЊЕ (Сл.в.на РМ бр.63/12, бр.128/12, бр.19/13, бр.93/13 и бр.167/13)

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО КЛАСИ НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ			
Класи на намени	Површина на парцели м2	Површина на градбите м2	Вкупно етажни површини м2
Б5. Хотелски комплекси	23559	12957	64785
Б5. Хотели	12054	4064	20320
Д2. Заштитно зеленило	2618	0	0
Е2. Трафостаници до 20Кв	75	30	30
Е1. Сообраќај	7504	0	0
Вкупно :	45810	17051	85135

11. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Изградбата на нови објекти, дооформување на постојни објекти, изградбата на комунални објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на планскиот опфат треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие услови кои се составен дел на документацијата и истите се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанситичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Планскиот опфат за кој се однесуваат овие услови за изградба е со следните граници:

- на северозапад по оска на булевар "АСНОМ"
- на запад по оска на улица "Маршал Тито"
- на југозапад северозападната страна на КП 6418 (канал Биљанини извори).
- на исток оска на новопредвиден крак на улица "Паратизанска"

Во рамките на овие граници опфатена е површина од 4,58 ха.

Условите за изградба се составен дел на планот и служат за спроведување на Деталниот урбанистички план, односно за изготвување на Извод од урбанистичкиот план, како и изработка на архитектонско урбанистички проект иосновни проекти.

Условите за изградба се делот на Општи услови за изградба и Посебни услови за изградба.

11.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Општите услови за изградба важат за целата површина на планскиот опфат, освен во случаите каде што со посебните услови не е одредено поинаку.

11.1.1.Планскиот опфат кој е предмет на планот е составен од една (1) единица на градежно земјиште (1 блок). Границита на блокот се совпаѓа со оски на улици и граници на канал.

Во рамките на овој блок оформени се повеќе градежни парцели кој се ограничени со регулаторски линии (граница на градежна парцела и регулациона линија).

Градежните парцели како и самиот блок се воедно урбанистички единици за планирање.

Блокот е означен со голема бројка, а градежните парцели со двоцифрени мали броеви при што првиот број означува блок, а вториот број, број на градежна парцела, и според истото обележување се изработени нумеричките показатели по блок и градежни парцели.

Граница на градежна парцела како планска одредба во планот е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни парцели.

Градежната парцела се состои од површина за градење и дворно место.

Површината за градење преставува дел од градежната парцела согласно член 39. од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр.63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Дворното место преставува дел од градежната парцела незафатен со површина за градење. При оформување на градежните парцели почитувани се граджните парцели предвидени со постојната планска документација.

11.1.2. Намената на земјиштето во рамките на планскиот опфат е уредена на ниво на градержна парцела и под истата се подразбира начинот на уредување, изградбата и употребата на градежното земјиште и на градбите согласно дејностите и актиавностите што се вршат и одвиваат во нив.

Класата на намени во рамките на планскиот опфат е обележана со име за секоја градежна парцела пооделно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанситичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр.63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Во планскиот опфат кој се третира со Планот предвидени се следните класи на намени и тоа:

Б - комерцијални и деловни намени
Б5 - хотелски комплекси
Б5 - хотели (домување со хотелиерство по ГУП на Охрид)

Д - зеленило и рекреација
Д2 - заштитно зеленило

Е - инфраструктура
Е2- комунална супраструктура (трафостаница)

Во рамките на класата на намена Б5-хотели (домување со хотелиерство по ГУП на град Охрид) се дава можност од компатибилна класа на намена: Б2(големи трговски единици), Б3(големи угостителски единици) и Б4(деловни простори) и истите не смеат да изнесуваат повеќе од 40% од основната класа на намена.

Во рамките на класата на намена Б5-хотелски комплекси се дава можност од компатибилна класа на намена: Б1(мали комерцијални и деловни намени), Б2(големи трговски единици), Б3(големи угостителски единици) , Б4(деловни простори),В3(култура) и Д3(спорт и рекреација) и истите не смеат да изнесуваат повеќе од 40% од основната класа на намена.

11.1.3. Површината за градење е планска одредба со која во планот се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите и истата е дефинирана во рамките на една градежна парцела и со овој план во една површина за градење може да се гради само една градба.

Исклучок од оваа одредба се градежните парцели 1.1. и 1.2. кој во планот се третирани како комплексни градби кој може да бидат составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела согласно член 39 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанситичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Поедините градби во рамките на дадената можна површина за градење во градежните парцели 1.1 и 1.2 ќе се дефинираат со изработка на архитектонско урбанистички проект согласно член 51 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр.124/10, бр.18/11 ,бр.53/11 ,бр.144/12, бр. 55/13 и бр.163/13).

11.1.4. Градежна линија е планска одредба која преставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
Градежната линија во рамките на планот се предвидува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите.

- Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела не се дозволени пречекорувања на градежната линија на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела.

- За градби со меѓусебни растојанија поголеми од 20 м. по правило нема општи ограничувања за употребата на архитектонската пластика.

11.1.5.Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одреденатa височина, при што најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90 м, а за деловна дејност 3,40 м.

Во планот се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча и не е дозволено поместување на нултата плоча под котата на теренот.

Со планот предвидени се четири нови површини за градба и за истите е дефинирана максималната височина во метри и во број на катови, и тоа 16.20 м. (П+4).
За истите предвидена е максимална височина на слеме од 4 м. и истата преставува највисока точка на кровната конструкција.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите и тоа:

- кули покривни бани, стакларници и издадени покривни елементи, оџаци,вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите технички и технолошки институции, и
- сите архитектонски декоратиавни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор, над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

11.1.6. Процент на изграденост на земјиштето е урбанситичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежно земјиште, изразено во проценти.
Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча, без надворешни тераси, скали, рампи, и сл.
Процентот на изграденост во рамките на планот е во рамките на дозволените за предвидената класа на намени и истата е пресметана на ниво на градежна парцела, блок (плански опфат).

11.1.7. Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интезитетот на изграденост на градежното земјиште. Истиот се пресметтува како однос на вкупната изградена површина и вкупната површина на градежното земјиште. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етапи.

Коефициентот на искористеност на земјиштето во рамките на планот е во рамките на дозволениот за предвидената класа на намена и истата е пресметана на ниво на градежна парцела, блок (плански опфат).

11.1.8. Предвидените градежни парцели може да се оградуваат, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на градбата и други барања за заштита.
За градежните парцели кои се на агол меѓу две улици, задолжително е оградата да ја следи сверичната линија на тротоарот или под агол од 45° со што се обезбедува прегледност на движењата на возилата и пешачките движења.

11.1.9. Сообраќајот кој го опслужува урбаниот опфат, а е третиран со ГУП на град Охрид од 2006 година во планот е презентиран согласно дадените смерници од наведениот ГУП.

Останатата сообраќајна мрежа во планскиот опфат е планирана и димензионирана согласно стандардите и нормативите од областа на сообраќајот дадени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

11.1.10. До секоја градежна парцела е обезбеден посебен пристап со возило од секундарна улична мрежа.

11.1.11. Потребата од паркинг простор за сите предвидени градби во рамките на планскиот опфат се планира да се задоволува во рамките на сопствената парцела и тоа е основниот услов за достигнување на максималната површина за изградба и максималната висина.

Критериумите за одредување на потребен број места ќе се применуваат според одредбите на член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).
Потребниот број на паркинг места за градежните парцели 1.1 и 1.2 ќе се определат со изготвување на архитектонско урбанистички проект а за градежните парцели 1.3 и 1.4 со изработка на основните проекти.

11.1.12. Составен дел на планот се и конкретните мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

Создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица треба да се во согласност со член 78 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија . бр. 63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

При планирање на елементите на уличната мрежа во урбанистичкиот план задолжително се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување наденивелацијата помеѓу тротоарот и коловзот.

Минималната широчина на рампата е 1 м, а оптималната широчина е 1,80 м.

Најголем наклон на рампата е 20% (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% (1:).
Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да преставува ахитетконска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците а особено на инвалидизираните лица со колички.
Во предвидените класи на намени, задолжително се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории.

11.1.13. Во процесот на уредувањето на просторот перманентно треба да се применуваат мерки за одржување на содржините во урбаната средина, како и соодветни мерки за заштита на елементите на животна средина.
Тоа се врши со постојано одржување на фасадата на објектите во зависност од фасадната обработка, како и одржување на улиците, тротоарите, плоштадите, оформување и одржување на зелени површини, инсталациите, делот каде се лоцирани контејнерите за смет и сл.

Потребна е постојана активност на сопствениците и корисниците на објектите како и на комуналните претпријатија за постојано одржување на хигиената на објектите и околниот простор на соодветно ниво.

11.1.14.Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации, ниту да пречат на објектите поставени од јавен интерес како јавно осветлување, градски инсталации,табли со имиња на улици и сл.

11.1.15.Заради подобрување на безбедноста на сообраќајот треба да се организира дислоцирање на контејнерите за смет од површините на улиците и тротоарите и да се постават на посебно поплочени површини наменети за контејнери со оптимална хигиена на тие места. Притоа, растојанието од објектот до местото за контејнери треба да биде минимум 10 метри.

11.1.16. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној, што ќе го евакуира ѓубрето во регионална, односно градска депонија.

11.1.17.Остранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци ќе го вршат директно на своја сметка причинителите на истите и тоа директно во регионалната (градска) депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот или сопственикот на депонијата.

11.1.18.Заради обезбедување на заштита од аерозагадување слободните површини околу објектите и предвиденото заштитно зеленило (Д2), кое што во појасот покрај каналот "Биљанини извори" има функција на тампон зона, да се уредат со вегетација од автохтони видови, карактеристични за охридското поднебје со што ќе се подобрат микроклиматските услови на просторот.

11.1.19. Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот одовој ДУП да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр. 63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

11.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуваат за секоја градежна парцела во рамките на блокот (опфат) поединечно.

Планскиот опфат истовремено преставува блок и во рамките на истиот предвидени се вкупно 6 (шест) градежни парцели.

Природа на зафат

За сите градежни парцели во рамките на блокот се предвидуваат услови за идна градба.

Површината за градење во рамките на градежните парцели 1.1. и 1.2. кој во планот се третирани како комплексни градби кој може да бидат составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела согласно член 39 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанситичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Поедините градби во рамките на дадената можна површина за градење во градежните парцели 1.1 и 1.2 ќе се дефинираат со изработка на архитектонско урбанистички проект согласно член 51 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр.124/10, бр.18/11 ,бр.53/11 ,бр.144/12, бр. 55/13 и бр.163/13).

Како основа за изработка на Архитектонско урбанистичките проекти за овие градежни парцели дозволениот максимален коефициент на искористеност е до 2,75 а максималниот процент на изграденост до 55 %.

Со Архитектонско урбанистичкиот проект за градежните парцели 1.1 и 1.2 во рамките на дадената површина за градба да се предвиди по една трафостаница со снага од 3 x 1000 кVA.

Точната местоположба на истите не е дадена во графичките прилози на планот, и истите ќе бидат определени со изготвување на Архитектонско урбанистичките проекти за горенаведените градежни парцели.

Класа на намени

Градбите во градежните парцели 1.1 и 1.2 се со класа на намена Б5 (хотелски комплекси) со можност од компатибилна класа на намена: Б1(мали комерцијални и деловни намени), Б2(големи трговски единици), Б3(големи угостителски единици) , Б4(деловни простори),В3(култура) и

Д3(спорт и рекреација) и истите не смеат да изнесуваат повеќе од 40% од основната класа на намена повеќе придружни намени од услужен карактер.

Градбите во градежните парцели 1.3 и 1.4 се со класа на намена Б5-хотели (домување со хотелиерство по ГУП на Охрид)) се дава можност од компатибилна класа на намена: Б2(големи трговски единици), Б3(големи угостителски единици) и Б4(деловни простори) и истите не смеат да изнесуваат повеќе од 40% од основната класа на намена.
Максималниот дозволен прицент на учество на единечната класа на намена ќе се определува согласно табела " 2 " која е составен дел на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанситичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).

Градежните парцели 1.5 и 1.6 се со класа на намена Г5 (комунална супраструктура - трафостаници).

Максимална висина на изградба

За градбите во градежните парцели 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 се предвидува максимална висина на изградба од 16.20 м. (П+4).

За градбите во градежните парцели 1.5 и 1.6. се предвидува катност приземје.

Пристапи, паркирање и гаражирање

За сите предвидени градежни парцели во рамките на блокот овозможен е колски pristap од секундарна сообраќајна мрежа.

За градежните парцели 1.1 и 1.2 се предвидува колски пристап од сервисни улици: улица" Маршал Тито" и Крак од улица "Партизанска"

За градежните парцели 1.1 и 1.2 се предвидува колски пристап од сервисни улици: улица" Партизанска " и Крак од улица "Партизанска"

Потребата од паркинг простор за сите предвидени градби во рамките на планскиот опфат се планира да се задоволува во рамките на сопствената парцела и тоа е основниот услов за достигнување на максималната површина за изградба и максималната висина.

Критериумите за одредување на потребен број места ќе се применуваат според одредбите на член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, бр.126/12, бр. 19/13, бр.95/13 и бр.167/13).
Потребниот број на паркинг места за градежните парцели 1.1 и 1.2 ќе се определат со изготвување на архитектонско урбанистички проект а за градежните парцели 1.3 и 1.4 со изработка на основните проекти.

Заштита на културно наследство

Задолжително да се применуваат обврските кои произлегуваат од режимот на заштита пропишан во Заштитно конзерваторските основи и од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл.Весник на Р.М. бр.47/11), а тоа се:

- задолжителен археолошки надзор за време на изведување на земјените работи при реализација на планот и
- задолжително добивање конзерваторско одобрение за сите интервенции на објектите во планскиот опфат.

Сите останати урбанистички параметри за градежните парцели во рамките на блокот дадени се во следната табела :

СКИЦА ОД ИЗВРШЕНО СПОРЕДУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

ОД КАТАСТАРСКИОТ ПЛАН СО ПОДАТОЦИТЕ ОД ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН/УРБАНИСТИЧКО



Бр. на точка	Y	X
1	7484346.81	4551283.14
2	7484346.47	4551284.91
3	7484346.17	4551286.39
4	7484345.82	4551287.98

Охрид, 28.09.2020г.

Изготвил - геод.стручно лице:

Марјан Милошоски дипл.геод.инг.

ЛЕГЕНДА:

У-1.5 ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1.01ха (10115м2)

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за парцелирано градежно земјиште
за ГП_1.1 на КП 5614/1;КП 6471/4;5614/10 и КП 6471/8
КО Охрид 4,во изменување и дополнување на ДУП за
УЗ 17, УБ 17.4/ блок 3, Охрид,
со намена Б 5.1- хотелски комплекси
ОХРИД

ОПШТИНА ОХРИД

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

M=1:1000

0 20м 50м 100м

	"ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО" ДОО ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАБИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Г О С Т И В А Р		УПРАВИТЕЛ: Валентина Попоска, диа	
ДОНЕСУВАЧ	ОПШТИНА ОХРИД			
НАРАЧАТЕЛ	Друштво " ТД ПЕ-ПУЛС" ДООЕЛ, ОХРИД			
ПРОЕКТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1на КП 5614/1 ; 6471/4; 5614/10 и 6471/8, КО Охрид 4 во изменување и дополнување на ДУП за УЗ 17,УБ 17.4, блок3,Охрид, со намена Б 5.1- хотелски комплекси ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД		ФАЗА: УП	
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА		РАЗМЕР: 1 : 1000	ТЕХ.БР. 54/20
РАБОТЕН ТИМ:	ПЛАНЕР: Валентина Попоска, диа, овл.бр.0.0078 Сијче Трифуноска, диа, овл.бр.0.0634	СОРАБОТНИК: Васил Петкоски, диа, овл.бр.0.0054 Елисавета Попоска, диа	ДАТА: Октомври,2021г.	ПРИЛОГ: бр: 2

3. ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА
УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1.01ха
(10115.12м2)

градежна парцела	КП.бр.	Класа на намена	П на парцела м2
1.1	на КП 5614/1; 6471/1; 5614/10 и КП 6471/8; КО Охрид 4	Б5.1-хотели	10115

4. ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА
УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1.01ха
(10115.12м2)

градежна парцела	КП.бр.	Класа на намена	П на парцела м2	Нумерација на објекти	површина под објект м2	Вкупна етажна површина за градење м2	Max. H до венец (од кота на вл.тротоар)	Височина	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Кота на нулта плоча	Потребни паркинг места	Компатибилни класи на намена	Процентуална застапеност
1.1	на КП 5614/1; 6471/1; 5614/10 и КП 6471/8; КО Охрид 4	Б5.1-хотелски комплекси	10115	1. 2. 3.	1. 1523,5 2. 1523,5 3. 1219,7	7617,5 7617,5 6098,5	16.20м	П+4	42,18	2.11	од 0.0 до +0,2	*	Б1,Б2,Б3,Б4	40%
Вкупно:					4266,7	21333,5								

* бројот на паркинг места ќе се дефинира во се спрема Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање

ПОСТОЕЧКА И ПЛАНИРАНА ИНФРАСТРУКТУРА
- У-6.1.1 ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПОСТОЈНИ
- У-6.1.2 ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПЛАНИРАНИ
- У-6.2.1 ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОСТОЈНА
- У-6.2.2 ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА
- У-6.3.1 АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОСТОЈНА
- У-6.3.2 АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА
- У-6.5.1 ЕЛЕКТИКА ПОСТОЈНА
- У-6.5.2 ЕЛЕКТИКА ПЛАНИРАНА
- У-6.6.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ
- У-6.6.2 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПЛАНИРАНИ



УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ ЗА Г.П. 1.1

ЛЕГЕНДА:
- У-1.5 ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1.01ха (10115м2)
- РЛ — У-3.1 РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП — У-3.2 ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — У-4.1 ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- У-5.1 ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
- У-5.2 ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- У-4.1 ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА по ДУП
- П 1.1 / Б5.1 / Н=16.20м / П+4 — БЛОК ЗА НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА, КЛАСА НА НАМЕНА, ВИСИНА И КАТНОСТ
- Б5.1 — Хотелски комплекси
- Д — Зеленило 2084,37м2(20,60%)
- внатрешна улица
- внатрешен сообраќај пешачка патека (тротоар)
- 1300.00 — Висинска кота (апсолутна кота) на терен
- Паркинг места
- влез — Влез во градежна парцела

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за парцелирано градежно земјиште
за ГП_1.1 на КП 5614/1;КП 6471/4;5614/10 и КП 6471/8
КО Охрид 4,во изменување и дополнување на ДУП за
УЗ 17, УБ 17.4/ блок 3, Охрид,
со намена Б 5.1- хотелски комплекси

ОХРИД

ОПШТИНА ОХРИД

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ



М=1:1000
0 20м 50м 100м

	"ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО" ДОО ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАБИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Г О С Т И В А Р		УПРАВИТЕЛ: Валентина Попоска, диа
ДОНЕСУВАЧ	ОПШТИНА ОХРИД		
НАРАЧАТЕЛ	Друштво " ТД-ПЕ-ПУЛС" ДООЕЛ, ОХРИД		
ПРОЕКТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1на КП 5614/1 ; 6471/4; 5614/10 и 6471/8, КО Охрид 4 во изменување и дополнување на ДУП за УЗ 17,УБ 17.4, блок3,Охрид, со намена Б 5.1- хотелски комплекси ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД		ФАЗА: УП
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	РАЗМЕР: 1 : 1000	ТЕХ.БР. 54/20
РАБОТЕН ТИМ:	ПЛАНЕР: Валентина Попоска, диа, овл.бр.0.0078 Сиќе Трифуноска, диа, овл.бр.0.0634	СОРАБОТНИК: Васил Петкоски, диа, овл.бр.0.0054 Елисавета Попоска, диа	ДАТА: Октомври,2021г. ПРИЛОГ: бр: 3

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШЕН И СТАЦИОНИРАН СООБРАЌАЈ

83 ПМ ЗА ПАРКИРАЊЕ

ПРОФИЛИ НА ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ

ПЕШАЧКА ПАТЕКА 5-5



1-------1
ВНАТРЕШНА УЛИЦА 1



2-------2
ВНАТРЕШНА УЛИЦА 2



3-------3
ВНАТРЕШНА УЛИЦА 3



4-------4
ВНАТРЕШНА УЛИЦА 1





УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ ЗА Г.П. 1.1

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ

196 ПМ ЗА ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ СПРЕМА ИДЕЕН ПРОЕКТ ОД КОИ 6 ПМ ЗА ИНВАЛИДИ (СМЕСТЕНИ ВО ПОДРУМ) И 75 ПМ НА НИВО НА ТЕРЕН



ОСНОВА НА ПОДРУМ М=1:1000

ЛЕГЕНДА:

- У-1.5 ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 1.01ха (10115м2)
- РЛ У-3.1 РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП У-3.2 ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ У-4.1 ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- У-5.1 ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
- У-5.2 ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- У-4.1 ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА по ДУП

- Д Зеленило 2084,37м2(20,60%)
- внатрешна улица
- внатрешен сообраќај пешачка патека (тротоар)
- 1300.00 Висинска кота (апсолутна кота) на терен
- Паркинг места
- влез Влез во градежна парцела

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1 на КП 5614/1;КП 6471/4;5614/10 и КП 6471/8 КО Охрид 4,во изменување и дополнување на ДУП за УЗ 17, УБ 17.4/ блок 3, Охрид, со намена Б 5.1- хотелски комплекси

ОХРИД

ОПШТИНА ОХРИД



УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

М=1:1000

0 20м 50м 100м

	"ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО" ДОО ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНО И УРБАБИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Г О С Т И В А Р		УПРАВИТЕЛ: Валентина Попоска, диа
ДОНЕСУВАЧ	ОПШТИНА ОХРИД		
НАРАЧАТЕЛ	Друштво " ТД-ПЕ-ПУЛС" ДООЕЛ, ОХРИД		
ПРОЕКТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за парцелирано градежно земјиште за ГП_1.1на КП 5614/1 ; 6471/4; 5614/10 и 6471/8, КО Охрид 4 во изменување и дополнување на ДУП за УЗ 17,УБ 17.4, блок3,Охрид, со намена Б 5.1- хотелски комплекси ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД		ФАЗА: УП
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ	РАЗМЕР: 1 : 1000	ТЕХ.БР. 54/20
РАБОТЕН ТИМ:	ПЛАНЕР: Валентина Попоска, диа, овл.бр.0.0078 Сијче Трифуноска, диа, овл.бр.0.0634	СОРАБОТНИК: Васил Петкоски, диа, овл.бр.0.0054 Елисавета Попоска, диа	ДАТА: Октомври,2021г.
			ПРИЛОГ: бр: 3а

ПРОЕКТЕН ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Друштво за дизајн, проектирање и инжинеринг, >АД< дооел Охрид бул. >ТУРИСТИЧКА< ББ (Печијаре)Охрид 6000 Тел/факс. (046) 264 301

Проектирање
Лиценца Б
бр. П.017/Б

А

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА Б5.1- ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ ГП 1.1 ДУП УЗ 17, УБ 17.4 /
БЛОК 3/ ОХРИД КП 5614/1, 6471/4, 5614/10 И 6471/8 КО
ОХРИД 4

Објект: Б5.1- ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Локација: КП 5614/1, 6471/4, 5614/10 И 6471/8 КО ОХРИД 4

Инвеститор: ПЕ – ПУЛС ДООЕЛ ОХРИД, ТАНАСКОСКИ ТАНАС, ТАНАСКОСКИ ҐОКО, ТАНАСКОСКИ ЈОВАН,ТАНАСКОСКИ САШО

Проектант: АД ОХРИД ДООЕЛ
Одговорен проектант: М-р. Емилија Јанкоска Митановска
Соработник проектант: Ангел Арнаудовски
Александра Бошнакоска Трпоска

Тех. број: 49/20
Датум на завршување на проектот:14.10.2020
Управител: Ангел Арнаудовски

СОДРЖИНА:

Општ дел:

- Основни податоци
- Регистрација на фирма
- Лиценца за проектирање на фирма
- Решение за именување на проектанти
- Овластување на проектант

ПРОГРАМСКИ ДЕЛ:

- Проектна програма
- Тековна состојба

УРБАНИСТИЧКИ ДЕЛ:

- Извод од план
- Имотен лист

ПРОЕКТЕН ДЕЛ:

Текстуален дел:

- Технички опис

Графички дел:

- Ситуација со поширока околина M=1/200 лист бр.01
- Ситуација со развиено приземје M=1/200 лист бр.02
- Ситуација со петта фасада M=1/200 лист бр.03
- Основа на подрум (основа со мебел) M=1/100 лист бр.04
- Основа на подрум (основа со коти) M=1/100 лист бр.05

- БЛОК 1
- Основа на приземје (основа со мебел) M=1/100 лист бр.06
- Основа на приземје (основа со коти) M=1/50 лист бр.07
- Основа на прв кат (основа со мебел) M=1/100 лист бр.08
- Основа на прв кат (основа со коти) M=1/50 лист бр.09
- Основа на втор кат (основа со мебел) M=1/100 лист бр.10

- Основа на втор кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.11
- Основа на трет кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.12
- Основа на трет кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.13
- Основа на четврти кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.14
- Основа на четврти кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.15
- Петта фасада М=1/100 лист бр.16
- Фасади М=1/100 лист бр.17
- Шема на столарија
- Шема на браварија
-

БЛОК 2

- Основа на приземје (основа со мебел) М=1/100 лист бр.18
- Основа на приземје (основа со коти) М=1/50 лист бр.19
- Основа на прв кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.20
- Основа на прв кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.21
- Основа на втор кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.22
- Основа на втор кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.23
- Основа на трет кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.24
- Основа на трет кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.25
- Основа на четврти кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.26
- Основа на четврти кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.27
- Петта фасада М=1/100 лист бр.28
- Фасади М=1/100 лист бр.29
- Шема на столарија
- Шема на браварија

- БЛОК 3
- Основа на приземје (основа со мебел) М=1/100 лист бр.30
- Основа на приземје (основа со коти) М=1/50 лист бр.31
- Основа на прв кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.32

- Основа на прв кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.33
- Основа на втор кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.34
- Основа на втор кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.35
- Основа на трет кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.36
- Основа на трет кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.37
- Основа на четврти кат (основа со мебел) М=1/100 лист бр.38
- Основа на четврти кат (основа со коти) М=1/50 лист бр.39
- Петта фасада М=1/100 лист бр.40
- Фасади М=1/100 лист бр.41
- Шема на столарија
- Шема на браварија
- Пресек 1-1 М=1/100 лист бр.42
- Пресек 2-2 М=1/100 лист бр.43
- Пресек 3-3 М=1/100 лист бр.44

<u>ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ И ГРАДБАТА:</u>

НАЗИВ И АДРЕСА НА ГРАДБАТА:

Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ
НА КП 5614/1, КП 6471/4, КП 5614/10, КП 6471/8 КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ НА КП 5614/1, КП 6471/4, КП 5614/10, КП 6471/8 КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД

ИНВЕСТИТОР:

ПЕ – ПУЛС ДООЕЛ ОХРИД

ТАНАСОСКИ ТАНАС

ТАНАСОСКИ ЃОКО

ТАНАСОСКИ ЈОВАН

ТАНАСОСКИ САШО

ПРОЕКТАНТ:

АД ОХРИД ДООЕЛ, Булевар Туристичка бр. 75, Охрид

МЕСТО НА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТОТ:

АД ОХРИД ДООЕЛ

ДАТУМ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ: 14.10.2020

ТЕХНИЧКИ БРОЈ НА ПРОЕКТОТ: 49/20

Октомври, 2020

Директор:

Ангел Арнаудовски

Ангел Арнаудовски

ОПШТ ДЕЛ

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13 и 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за дизајн, проектирање и инженеринг АД Охрид ДООЕЛ

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.Туристичка ББ Охрид, ЕМБС 5261546

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **17.02.2023 година**

Број: **П.017/Б**

17.02.2016 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

Број: 0805-50/150320210005359

Датум и време: 11.8.2021 г. 08:17:51

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5261546
Целосен назив:	Друштво за дизајн, проектирање и инженеринг АД Охрид ДООЕЛ
Кратко име:	АД Охрид ДООЕЛ
Седиште:	ТУРИСТИЧКА ББ ОХРИД, ОХРИД
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	9.11.1998 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4020998121316
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	13.388,00
Непаричен влог EUR:	5.937,00
Уплатен дел EUR:	19.325,00
Вкупно основна главнина EUR:	19.325,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	АНГЕЛ АРНАУДОВСКИ
Адреса:	НИКОЛА КАРЕВ бр.45 ОХРИД, ОХРИД
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	13.388,00
Непаричен влог EUR:	5.937,00
Уплатен дел EUR:	19.325,00

лен влог EUR:	19.325,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

Име и презиме:	АНГЕЛ АРНАУДОВСКИ
Адреса:	НИКОЛА КАРЕВ бр.45 ОХРИД, ОХРИД
Овластувања:	Управител-ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	adohrid@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

М. К. Шихалиќ

АД ОХРИД ДООЕЛ, Булевар Туристичка бр.75, Охрид

Во согласност со Законот за градење и Законот за изменување и дополнување на законот за градење, Сл. Весник бр 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16 го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ:

М-р. Емилија Јанкоска Митановска се определува за одговорен проектант за изработка на:

-ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ НА КП 5614/1, КП 6471/4, КП 5614/10, КП 6471/8 КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД-

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

М-р. Емилија Јанкоска Митановска ги исполнува условите пропишани по одредбите од Законот за градење и Законот за изменување и дополнување на законот за градење, Сл. Весник бр 130/09 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16.

Октомври, 2020

Директор:

Ангел Арнаудовски

АД ОХРИД ДООЕЛ, Булевар Туристичка бр.75, Охрид

Во согласност со Законот за градење и Законот за изменување и дополнување на законот за градење, Сл. Весник бр 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16 го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ:

За одредување на проектант – соработник за изработка на:

-ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ НА КП 5614/1, КП 6471/4, КП 5614/10, КП 6471/8 КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД-

Ангел Арнаудовски д.и.а.
Александра Бошнакоска Трпоска д.и.а.

Октомври, 2020

Директор:

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30,16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

ЕМИЛИЈА ЈАНКОСКА

магистер инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 30.10.2023 год.

Број: 1.2352

Издадено на: 31.10.2018 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
ЗАИДЕЕН И ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА Б5.1 –
ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКС НА КП 5614/1, КП 6471/4,
КП 5614/10, КП 6471/8
КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД

1. ВОВЕД

Инвеститорите:

ПЕ – ПУЛС ДООЕЛ ОХРИД

ТАНАСОСКИ ТАНАС

ТАНАСОСКИ ЃОКО

ТАНАСОСКИ ЈОВАН

ТАНАСОСКИ САШО

Имаат потреба од изработка на идеен и основен проект за Б5.1 Хотелски комплекс на ГП 1.1 КП 5614/1, 6471/4, 5614/10, 6471/8
КО Охрид 4 во Охрид, согласно Изменување и дополнување на ДУП за УЗ 17, УБ 17.4 / блок 3 / Охрид.

2. ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ

Локацијата е сместена на ГП 1.1 КП 5614/1, 6471/4, 5614/10, 6471/8
КО Охрид 4, Охрид. Градежната парцела е сместена на бул. АСНОМ, ул. Маршал Тито и новопланирана пристапна улица–крак на ул. Партизанска. Колскиот пристап во локацијата е од источната страна, од планирата пристапна улица крак на ул. Партизанска.

3. СОДРЖИНА И ФУНКЦИЈА

На локацијата е предвиден Б5.1 Хотелски комплекс кој ке биде составен од три блока, блок 1, блок 2 и блок 3, со висина на венец +16.20 и катност подрум, приземје и 4 ката. Приземната плоча да биде сместена на ниво +0.00.

Сите три блокови се предвидени како независни објекти поврзани во подрумот. Во подрумот да бидат сместени паркинзи и потребни технички простории. Пристапот во подрум за коли да биде од двонасочна рампа.

На ниво на терен е предвидена внатрешна сообраќајница, која ке овозможи колски пристап до трите блокови и до рампата за подрум. На ниво на терен да се обезбеди и паркинг простор.

На југозападна страна на локацијата е сместен блок 1, на југоисточната страна на локацијата е сместен блок 2 и на северната страна од локацијата е сместен блок 3.

Во блок 1 на приземје да бидат сместени хотелски простории (кафетерија, ресторан, лоби,конференциски сали, кујна, санитарии...), а на 1 кат, 2 кат, 3 кат и 4 кат да бидат сместени апартмани. Во блок 1 да бидат сместени 52 апартмани.

На секој кат да има по 13 апартмани од кои:

- 3 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, три спални соби, 2 бањи, тоалет и голема тераса со градина.
- 2 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, две спални соби, бања, тоалет и тераси.
- 6 апартани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, спална соба, бања и тераса.
- 2 да бидат организирани со следните простории: просторија за дневен боравак, бања и тераса.

Во блок 2 да бидат сместени апартмани на сите катови. Во блок 2 да бидат сместени 64 апартмани.

На приземје да има 12 апартмани, а на секој кат да има по 13 апартмани од кои:

- 3 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, три спални соби, 2 бањи, тоалет и голема тераса со градина.
- 2 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, две спални соби, бања, тоалет и тераси.
- 6 апартани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, спална соба, бања и тераса.
- 2 да бидат организирани со следните простории: просторија за дневен боравак, бања и тераса.

Во блок 3 на да бидат сместени апартмани на сите катови. Во блок 3 да бидат сместени 64 апартмани.

На приземје да има 12 апартмани, а на секој кат да има по 13 апартмани од кои:

- 3 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, три спални соби, 2 бањи, тоалет и голема тераса со градина.
- 2 апартмани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, две спални соби, бања, тоалет и тераси.
- 6 апартани да бидат организирани со следните простории: простории за дневен боравак, спална соба, бања и тераса.
- 2 да бидат организирани со следните простории: просторија за дневен боравак, бања и тераса.

Сите три блокови да се организирани внтарешни комуникации, скалишно јадро и лифтови кои ке ги опслужуваат сите нивоа.

4. КОНСТРУКЦИЈА

Конструктивнот систем да биде армирано бетонски скелетен систем, со армирано бетонски греди, столбови, плочи и скали.

5. КРОВ

Кровот да биде рамна непроодна тераса со дозволени кровни надвишувања од лифт кукичките и саклишнотот јадро кое ке се користи за санација и одржување на кровот.

6. ОБЛИКУВАЊЕ

Хотелот да биде со чист модернистички израз со нагласени големи стаклени површини.

7. СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ

Паркирањето да се предвиди во рамки на локацијата согласно ДУП. Пристапот за коли во локацијата да биде од планираната пристапна улица крак на ул. Партизанска.

Октомври, 2020

Инвеститори:

ПЕ – ПУЛС ДООЕЛ ОХРИД

Друштво за производство трговија и услуги ПЕ - ПУЛС увоз-извоз ДООЕЛ Охрид

Број: 0805-50/150320210003307

Датум и време: 7.5.2021 г. 13:48:16

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6093396
Целосен назив:	Друштво за производство трговија и услуги ПЕ-ПУЛС увоз-извоз Охрид ДООЕЛ
Кратко име:	ПЕ-ПУЛС Охрид ДООЕЛ
Седиште:	БУЛЕВАР МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ бр.13А ОХРИД, ОХРИД
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	27.3.2006 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4020006144093
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.000,00

СОПСТВЕНИЦИ

ЕМБГ/ЕМБС:	2412974430006
Име и презиме/Назив:	ВАСКО ПЕРДУЛОСКИ
Адреса:	ИЛИНДЕНСКА бр.69 ВЕЛГОШТИ, ОХРИД
Тип на сопственик:	Основач/сопственик

Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупен влог EUR:	5.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	2205960430008
Име и презиме:	АЛЕКСАНДАР ЧИНГОСКИ
Адреса:	ИЛИНДЕНСКА бр.155 ВЕЛГОШТИ, ОХРИД
Овластувања:	Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	pepulsohrid@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Тех.бр.49/20	ТЕХНИЧКИ ОПИС
Објект:	**ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ**
Инвеститори:	**ПЕ – ПУЛС ДООЕЛ ОХРИД** **ТАНАСОСКИ ТАНАС** **ТАНАСОСКИ ЃОКО** **ТАНАСОСКИ ЈОВАН** **ТАНАСОСКИ САШО**
Локација:	**КП 5614/1, 6471/4, 5614/10, 6471/8 КО ОХРИД 4, ОХРИД**

1. ОПШТО

Локацијата е сместена на ГП 1.1, КП 5614/1, 6471/4, 5614/10, 6471/8 КО ОХРИД 4, ОХРИД. Во границата на планираната градежна парцела се планирани површини за градење со намена Б5.1 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ.
Градежната парцела е сместена на бул. АСНОМ, улица Маршал тито и новопланирана улица, крак на улицата Партизанска, Охрид.
Влезот во градежната парцела е предвиден од источната страна од планираната улица, крак на ул. Партизанска.
Нултата кота на приземјето е +/- 0.00 од кота на тротоар.

КОЕФИЦИЕНТИ:

Према ДУП

Површина на парцела према извод	10115.00м2
Површина за градба према извод	5563.00м2
Вкупно изградена бруто површинапрема извод	27 815.00 м2
Процент на изграденост	50.00 %
Коефициент на искористеност	16.20
Катност	П+4

Према ПРОЕКТ

Површина на парцела	10115 .00 м2
Бруто изградена површина на приземје	4266.70 м2
Бруто изградена површина	21 333.50 м2
Висина на венец	+16.20 м
Катност	П+4 Ката
Коефициент на искористеност	2.11
Процент на изграденост	42.18%
Процент на озеленетост	20 %

2. ФУНКЦИЈА

Хотелскиот комплекс е предвиден од три блока,три објекти- блок 1, блок 2 и блок 3, со висина подрум, приземје и 4 ката. Приземната плоча е сместена на ниво +0.00. Сите три блокови се предвидени како независни објекти поврзани во подрумот. Заедничкиот подрум преставува подземен паркинг простор кој ке го опслужува хотелот. Секој блок е со централен атриум, затворени скали (ПП сектор) по два лифта кои ке ги опслужуваат сите нивоа и централни отворени скали кои водат од приземје до 4 кат. Во сите три блока се сместени апартмани на 1 кат, 2 кат, 3 кат и 4 кат. Во блок 1 на приземје се сместени хотелски простории (кафетерија, ресторан, лоби, кујна, санитарии...), додека во блок 2 и блок 3 на приземје се сместени апартмани.

Влезот во парцелата е сместен на источната страна од каде се пристапува до внатрешна еднонасочна сообраќајница со попречен профил од 4.5 м. Внатрешната сообраќајница овозможува колски пристап до трите блока и рампата за колски пристап во подрум. Во градежната парцела на ниво на терен се сместени и паркинзи, вкупно 75 паркинг места.
